Број 119 АВГУСТ 2022

# S-WORK



# **Повик за стоп** на казнувањето на мајките сексуални работнички со одземање на нивните деца

*Повик да се декриминализира сексуалната работа и да се поддржат жените на кои им е потребна помош, наместо да се етикетираат како „неодговорни“ поради нивната работа.*



Во изминатиов период, група активисти застапувачи на правата на сексуалните работници, се собираат пред Централниот семеен суд во Лондон и протестираат против неправедното одвојување на мајките и другите примарни негуватели од нивните деца.

Меѓу оние кои верно се појавуваат секоја недела се Англискиот колектив на сексуални работници (ЕСР), кои бараат да се стави крај на етикетирањето на мајките кои работат сексуална работа како „несоодветни и неспособни“ за родители поради нивната работа.

„До 2021 година, само една или две жени годишно бараа помош за вакви случаи и водат борба против семејните судови“, вели Ники

Адамс, портпаролка на колективот. „Од 2021 година, изброивме 16 жени кои стапиле во контакт“.

Адамс смета дека овој пораст може да се должи на зголемувањето на помошта и услугите од социјална заштита за сексуалните работници и доближување на сервисите до мајките кои се инволвирани во секс индустријата.

Во текот на изминатите четири години, секоја година помеѓу 1,210 и 1,840 деца во Велика Британија биле посвоени без согласност на нивните родители.

Кога мајките се жртви на семејно насилство, Адамс вели дека полицијата и социјалните служби често не успеваат да обезбедат заштита и поддршка - наместо тоа, започнуваат постапка за одземање на нивните деца со образложение дека тие не можат да ги заштитат од насилни партнери.

Додека граѓанските организации нудат бесплатни социјални услуги и заштита на сексуалните работници, и го зголемуваат опсегот на подостапни сервиси за маргинализираните заедници, државната социјална заштита и услуги се полни со предрасуди и сексистички однос кон жените и мајките, што пак се зголемува кон жените мигранти или сексуални работнички.

Адамс тврди дека социјалните служби ги обвинуваат мајките кои работат сексуална работа и ги оставаат своите деца без надзор, давајќи им приоритет на мажите и парите пред благосостојбата на децата и ги ставаат во ризик нивните деца со нивната сексуална историја.

„Перцепцијата која ја имаат социјалните служби за мајките кои се занимаваат со сексуална работа е дека се лоши мајки или сомнителни и неодговорни. Тие се длабоко непочитувани и ја отфрлаат врската помеѓу мајката и детето“, вели Адамс.

„Траумата од губењето на сопственото дете остава неизбришлива трага. Жените никогаш навистина не се опоравуваат. Жените кажуваат дека мислат на своето дете секој ден од животот, секогаш кога ќе седнат да јадат се прашуваат дали нивното дете јадело, дали е облечено, дали е во опасност, дали е среќно“.

Трауматичен случај на одземање дете од мајка сексуална работничка

Тања Прат почнала да работи како сексуална работничка во салони за масажа пред повеќе од две децении, додека студирала филозофија на Универзитетот во Кардиф. Борејќи се да избалансира две слабо платени работни места со скратено работно време и нејзините студии, Тања открила дека може да заработи повеќе пари за една ноќ во салоните отколку за две недели на нејзините претходни работни места. Не можејќи да најде друга работа по завршување на универзитетските студии, таа продолжила со сексуалната работа како единствена начин да заработи за да преживее.

Во 2000 година, Тања родила ќерка и продолжила со сексуалната работа додека нејзиниот партнер се грижел за нивното бебе. Две години подоцна, Тања се разделила со таткото на нејзината ќерка и почнала да излегува со маж кој подоцна почнал да ја малтретира и злоупотребува.

Тања побарала помош од социјалните служби кога нејзината ќерка имала четири години. „Тие дојдоа и направија проценка, но ме одбија. Рекоа дека сум способна, со високо образование и дека не сум типична личност на која и треба помош. Искрено верував дека ме одбија затоа што бев сексуална работничка“.

Неколку недели по посетата на социјалната работничка, маж вооружен со пиштол влегол во нејзината куќа, барајќи го нејзиниот партнер. Била повикана полиција, а социјалните служби многу набрзо по овој немил настан и го одземале детето. „Мојата ќерка и јас бевме сместени во хотел таа вечер, но следниот ден, социјалните служби ја одведоа мојата ќерка“, раскажува Тања низ солзи. „Им побарав помош, не ми дадоа, а потоа ја одведоа.“

Кога случајот бил предаден на суд, Тања била подложена на психијатриска проценка за да се проценат нејзините способности како мајка. По спроведената проценка социјалните служби одлучиле дека нема да и ја вратат ќерката поради опасност и ризикот од идна штета што ја носи нејзината работа како сексуална работничка. „Социјалните служби треба да помогнат да ги вратите нашите деца, но тие не направија ништо“.



Слична ситуација, Тања доживеала и со нејзиниот син кој го родила неколку години подоцна исто така од насилен партнер, корисник на дрога. По нивниот развод, неколку месеци по раѓањето на нивниот син, и двајцата добиле подеднакво старателство. Но партнерот го искористил тоа и и го земал синот, при тоа не и дозволувал да го гледа. Откако повторно побарала помош од социјалните служби, наместо да добие поддршка, таа повторно била проценета како неспособен родител да се грижи за своето дете.

Откако го изгубила и синот, Тања почнала да користи дроги со надеж дека ќе се отргне од траумите кои ги доживеала со губење на своите деца. „Се чувствував како да немам за што да живеам“, вели таа.

Во 2017 година, Тања поднела барање за целосно старателство над својот син откако го немала видено три години и го извела својот поранешен партнер на суд. Меѓутоа случајот бил одложен бидејќи нејзиниот поранешен партнер не се појавил на судењето. Судскиот спор конечно започнал следната година и траел наредните четири години, но синот на Тања наполнил 12 години, и сега не сака да ја види својата мајка, бидејќи како што вели таа, поранешниот партнер му зборувал дека неговата мајка е курва и лоша мајка. Таа го немала видено својот син повеќе од 8 години, и за тоа го обвинува поранешниот партнер и непреземањето дејства од страна на социјалните служби.

„Мислам дека доколку судскиот спор не траеше четири години, ќе имав многу поголеми шанси да го видам синот“, вели Тања, која моментално ја пишува својата приказна.

Вакви случаи како на Тања има кај многу сексуални работнички кои доживеале комплицирани и болни искуства како родители. Сексуалната работа честопати е цврсто заплеткана со сиромаштијата, експлоатацијата, семејната злоупотреба и употребата на дрога – што пак ги прави сексуалните работници ранлива категорија граѓани. Мајките кои работат сексуална работа се плашат од судот на социјалните служби, стравувајќи дека доколку побараат помош, социјалните работници ќе ја препознаат нивната професија како непосредна причина за одземање на децата.

„Сексуалните работници кои се соочиле со злоупотреба и насилство се помалку подготвени да ги пријават случаите во полиција, а со тоа и помалку способни да бараат правда, поради стравот дека може да се вклучат социјалните служби.“, истакнуваат од добротворната организација од Велика Британија која им помага на сексуалните работници, National Ugly Mugs.

„Преку нашето сопствено истражување, 42% од сексуалните работници изјавиле дека не би пријавиле насилство во полиција токму поради оваа причина. Казнувањето на мајките кои споделуваат информации за насилството што го доживуваат ги прави да бидат помалку безбедни во заедницата“.

Затоа, многу сексуални работници, жртви на насилство, кои ги изгубиле своите деца токму поради својата работа, веруваат дека ситуацијата би била многу поинаква доколку сексуалната работа се декриминализира.

„За мајките кои работат како сексуални работнички, мораме да ставиме крај на криминализацијата. Не можам да разберам зошто, кога жените сакаат да им ги обезбедат основните потреби на своите деца, треба да бидат казнувани поради тоа. Полицијата буквално ги прогонува. Доколку се декриминализира сексуалната работа, ќе се намали стигмата, и ќе се подобри безбедноста, здравјето и благосостојбата на сексуалните работници“, истакнуваат од колективот на сексуални работници - ЕСР.





# Животот како сексуална работничка на Интернет за време на пандемијата со КОВИД-19

Кога за прв пат се вклучив во сексуалната работа пред неколку години и започнав да нудам сексуални услуги онлајн, почнав полека – со објавување повремени онлајн видеа со мојот партнер. Имавме неколку редовни клиенти кои не натераа да се чувствуваме добредојдени и се дружеа со нас преку нашата камера, но бевме нови и нашата изложеност сè уште беше релативно ограничена. Во тоа време, тоа беше повеќе како експеримент - да дознаам каква е сексуалната работа и дали има место за мене во неа - а помалку како работа. Фактот дека заработивме толку малку пари правејќи го тоа веројатно придонесе за тоа чувство. Иако, се разбира, секогаш се појавувавме пред камера со надеж дека ќе ги заработиме парите што ни беа очајно потребни.

Кога почнав да ја работам оваа работа, не знаев дека ќе ја промени перцепцијата на луѓето за мене и ќе предизвика големи несогласувања во моите односи со моето пошироко семејство. Исто така, не знаев дека самата работа ќе биде толку интензивна, креативна, сурова и емотивна и дека ќе ми биде тешко да замислам да се вратам на „нормална“ работа. Едноставно не знаев, со други зборови, дека ќе го реструктуира целиот мој свет.

Во секс индустрија, ние често го пласираме нашиот успех на начин што прикрива колку труд вложуваме за да го создадеме; а новинарите, кои имаат бескраен апетит за приказни од сексуални работници, обично имаат пристап само до најуспешните модели - оние кои веќе имаат големи онлајн платформи. Тие

продолжуваат да известуваат за реалноста на онлајн сексуалната работа преку објективот на просперитетните, кои имаат интерес да проектираат слика за успех. Работењето во онлајн секс индустријата ве учи дека клиентите ќе платат премија ако веруваат дека сте популарни и дека вашето време е ограничено. Известувањето што јавноста го добива за онлајн сексуалната работа, е всушност некопмплетно, т.е дава нецелосна слика.

Со сексуалната работа онлајн, можев доволно да заработам и да живеам и за време на пандемијата која пак ги ограничи другите сексуални работници кои работат со физички контакти со своите клиенти, а тоа благодарение на макотрпните години поминати градејќи бренд, платформа и база на клиенти. Секако, има луѓе кои ја имаат вистинската комбинација и многу среќа и достигнуваат брз успех, но за повеќето од нас, доаѓањето до оваа точка е долг, трудоинтензивен и понекогаш болен процес.

**Да се биде сексуален работник влијае на вашето емоционално здравје**

Дури и ако сексуалната работа на Интернет беше сигурен пат до финансиска сигурност, никој не стигнува до таму со случајно пуштање секси селфи фотографии и видеа. Работата на сексуалната работничка се состои од постојана интеракција со обожавателите, комуникација на социјалните мрежи и промоција, а сето тоа води до степен на изложеност и голема веројатност вашата мајка, вашиот шеф и вашиот најдобар пријател во одреден момент да наиде на фотографиите и видеата.

Ова го научив на потешкиот начин кога мајка ми виде пиратска слика од мене на PornHub и кога вујкото на мојот партнер му кажа на целото негово пошироко семејство дека ме видел што правам на Фејсбук. (Делот со Фејсбук очигледно не е вистина, но претпоставувам дека оваа делумна лага беше помалку срамна за него отколку да признае дека навистина дознал за мојата работа на порно-страница). Истата оваа изложеност ве прави предмет на загриженост (во најдобар случај) и отфрлање (во најлош случај) од семејството и заедницата. Тоа значи дека постојано треба да се браните и заштитувате од закани, осудување и насилство.

**КОВИД-19 докажа дека сексуалната работа претставува суштинска работа**

Една од работите што беше интересна за време на пандемијата на КОВИД-19 е тоа што се повеќе сексуални работници почнаа да нудат сексуални услуги на Интернет поради ограничувањата, а тоа пак ја смени приказната за тоа што претставува сексуалната работа на Интернет. За тоа сведочи обемот на написи на оваа тема кои излегуваа од страна на медиумите во последните неколку месеци. Новодојденците се обидуваа да заработат за живот, за што нормално ги оправдувам, но не ги знаат правилата за работа онлајн. Сите ние кои ја работевме оваа работа и пред пандемијата веќе го знаеме ова: ги научивме овие лекции на потешкиот начин. Разговараме едни со други за нашите неуспеси, нашите фрустрации и нашите стравови и покрај ризиците од посилна регулација и криминализација на сексуалната работа.

Она што го научивме преку оваа пандемија е дека нашата работа е од суштинско значење, тоа е спасот што им е потребен на многу од нашите клиенти кои живеат во многу неизвесен и сè поизолиран социјален свет. Благодарна сум што ја работам оваа работа сега - и што сè уште ми обезбедува сигурен приход - но исто така ми е драго што успеав да ја направам мојата работа одржлива пред светот да влезе во криза.



# Сексуално и репродуктивно здравје и права (СРЗП) на сексуалните работници

Правото на сексуално и репродуктивно здравје се заснова на основното право на здравје, а истото е универзално и неприкосновано човеково право. СРЗП исто така се вкрстува со другите човекови права, на пример, со правото да се биде ослободен од дискриминација, правото на приватност, правото да се биде ослободен од малтретирање и злоупотреба, правото на семејство и правото да се биде ослободен од сексуално насилство.

Правото на сексуално и репродуктивно здравје подразбира луѓето да можат да уживаат во взаемно задоволувачки и безбедни односи, ослободени од принуда или насилство и без страв од инфекција или бременост и дека можат да ја регулираат нивната плодност без негативни или опасни последици. Сексуалните и репродуктивните права ја обезбедуваат рамката во која може да се постигне сексуална и репродуктивна благосостојба.

Правата за сексуално и репродуктивно здравје се јасно дефинирани во Програмата за акција на Меѓународната конференција за население и развој (МКНР) од 1994 година:

- Доброволни, информирани и прифатливи услуги за планирање на семејството;
- Пренатална грижа, услуги за безбедно мајчинство, асистирано раѓање од обучен персонал (на пример, лекар или акушер) и сеопфатна здравствена заштита на новороденчињата;
- Превенција и лекување на сексуално преносливи инфекции (СПИ), вклучувајќи и ХИВ и СИДА, како и рак на грлото на матката;
- Превенција и третман на насилството врз жените и девојките, вклучувајќи и тортура;
- Безбедна и достапна грижа за абортус, како и пристап до безбеден абортус и услуги;
- Информации за сексуалното здравје, образование и советување за подобрување на личните односи и квалитетот на животот.

Врз основа на Повелбата на МФПР за сексуалните и репродуктивните права, следува листа на 12 основни сексуални и репродуктивни права:

· **Сите имаат право на живот.** Ниеден живот не треба да биде ставен во ризик поради бременост или породување.

· **Сите имаат право на слобода и безбедност.** Ова право ја вклучува слободата на секој да го контролира својот сексуален и репродуктивен живот.

· **Сите имаат право на еднаквост и право да бидат ослободени од секаква форма на дискриминација**. Сите лица се раѓаат слободни и еднакви. Никој не треба да биде дискриминиран врз основа на раса, етничка припадност, боја на кожа, сиромаштија, пол или сексуална ориентација, брачен статус, семејна положба, физичка или ментална попреченост, возраст, јазик, религија, политичко или друго мислење, национално или социјално потекло, имот, раѓање или друг статус.

· **Сите имаат право на приватност.** Правото на приватност го вклучува правото на секој да донесува автономни одлуки во врска со својот сексуален и репродуктивен живот.

· **Сите имаат право на слобода на размислување**. Сите лица имаат право на барање, примање и пренесување на информации и едукација поврзани со сексуалното и репродуктивно здравје и права, вклучувајќи го правото на користење на СРЗП услугите.

· **Сите имаат право на избор дали и кога да стапат во брак, да основаат семејство и да имаат деца.** Секој има право да избере кога и дали сака да склучи брак, и да има деца, вклучувајќи го и правото на избор на контрацепција и правото на избор дали ќе го дои своето дете или не.

· **Сите имаат право на избор дали или кога да имаат деца.** Сите лица имаат право слободно и одговорно да одлучуваат за бројот и возрасното растојание на своите деца, вклучувајќи го и правото на одлука дали или кога да имаат деца.

· **Сите имаат право на здравствена нега и заштита.** Секој има право да ги достигне највисоките можни стандарди за сексуално и репродуктивно здравје, вклучувајќи го правото на избегнување на несакана бременост, сексуално преносливи инфекции (СПИ) и ХИВ/СИДА и сексуално насилство.

· **Сите имаат право на користење на придобивките од научните истражувања.** Секој има право на пристап до придобивките од сите достапни технологии за репродуктивно здравје, вклучувајќи нови методи на контрацепција, абортус и третмани за плодност, доколку овие технологии се безбедни и прифатливи.

· **Сите имаат право на слобода на собирање и вклучување во граѓански и политички организации.** Секој има право да се вклучува во невладини и владини организации за застапување и унапредување на правата на сексуалното и репродуктивното здравје.

· **Сите имаат право на заштита од тортура и малтретирање**. Секој има право да биде ослободен од деградирачки третман, вклучувајќи го и правото на добивање почит и грижа при пристапот до здравствените услуги.

· **Сите имаат право на безбеден и пријатен сексуален живот.** Секој има право да има задоволувачки, безбеден и пријатен сексуален живот.

Сексуалните работници имаат право на исти човекови права како и сите други луѓе, вклучувајќи го и правото на недискриминаторски, достапен и културолошки-специфичен пристап до универзални, квалитетни здравствени услуги и превенција и третман на сексуално преносливи инфекции (СПИ), вклучувајќи ги и ХИВ и СИДА. Тие исто така имаат право да бидат ослободени од навредливи медицински практики, како присилно или задолжително тестирање за ХИВ и СПИ, присилна стерилизација и задолжително лекување. ●





# Фотографии кои го доловуваат секојдневието на анархистичен сексуален работник

Фотографот  Марк Вале поминал две години во соработка со Тиери Шафаузер, харизматичен машки сексуален работник и политички активист во документирање на неговиот личен и политички живот. Составен од искрени црно-бели портрети, култниот магазин ги открива интимните ритуали на Шафаузер од неговото секојдневие, како и фотографии на кои тој е вклучен во анимирани разговори со фотографот. Фотографиите, кои се направени помеѓу 2010 и 2012 година, се придружени со текст во кој Шафаузер ги споделува своите ставови за реформирање на правата на сексуалните работници.

Фотографиите се направени во домот на Тиери во Источен Лондон, додека пак нивната прва средба била на квир протест во Лондон во 2008 година. Две години подоцна, се среќаваат повторно на протест на сексуалните работници во Сохо, каде и се родила иницијативата за фотографирање на анархистичниот живот на младиот сексуален работник.

Марк Вале преку својата самостојна изложба „Документирањето на Тиери“ во галеријата Ретрамп во Берлин ги прикажал сите свои фотографии направени од Шафаузер заедно со видео инсталација на Шафаузер која зборува за неговиот живот, работа и политика.

„Јас се викам Тиери Шафаузер, јас сум сексуален работник или „курва“ ако сакате. Јас сум геј, јас сум корисник на дрога, јас сум мигрант .... Интересно е како сексуалните работници се исклучени од институциите, од работничкото движење или феминистичкото движење. Активно сум вклучен во активизмот на сексуалните работници, квир активизмот, и сл“.

Од година во година, младите Европејци доаѓаат во Лондон за да научат англиски и се обидуваат да направат подобри пари, отколку што прават дома. Лондон се појавува како место на целосна слобода за младите геј луѓе, каде што никој не гледа кои сте и што сте, до тој степен што може да умрете на

тротоар и луѓето да продолжат да одат без да ве забележат. Лесно е да се вработите како шанкер во кое било место доколку знаете како да се насмеете и да заведувате. Но, не треба многу време за да сфатите дека сексуалната работа обезбедува подобар приход и повеќе слободно време без шеф над вас.

Поголемиот дел од времето во Лондон го искористив да се занимавам со активизам во работничкото движење за правата на сексуалните работници и ЛГБТИ луѓето. Личното е политичко, но понекогаш политичкото е пригоден начин да запознаеш нови луѓе. Вака го запознав фотографот Марк Вале, кој ги читаше моите написи во Гардијан за декриминализација на сексуалната работа и работничките права. Изгледа дека му се допаднав доволно за да направи повеќе од фотографии од мене.

За што се залагам? Се залагам за декриминализација на целата секс индустрија: сексуални работници, клиенти, трети лица, семејства, партнери, итн. Се залагам за работнички права на сексуалните работници што значи еднакви права за секој работник. Сè што ги зајакнува малцинствата и работничката класа, бидејќи мислам дека многу луѓе не мора да ја сакаат својата работа. Мислам дека работата е експлоатација без разлика дали е во секс индустријата или во која било друга индустрија. Идеално, треба да бидеме слободни да не мора да работиме. Мислам дека можеби сега развивам вакви анархистички идеи за да се обидам да го преиспитам секој вид на моќ, можеби би било подобро да има систем без моќ“ – стои во придружниот текст на фотографиите на Тиери.

Документирањето на Тиери е приказна за социо-економската мака на сексуалните работници, обесправеноста и малцинствата, како што е раскажано преку приказната за поединец кој се обидува да се наметне во општество кое смета дека некои тела и желби се повредни од другите. „Во текот на последните дваесет и повеќе години, документирав луѓе кои на некој начин го нарушуваат неолиберализмот. Моите субјекти се најчесто млади, машки лица, бунтовници, кои го нарушуваат капиталистичкиот систем додека се во потрага по сопствените желби и идентитети, како што е и Тиери во својот живот“- Марк Вале.






Johnson's
baby
lotion



Во издание на:

СТАР

ПРВ КОЛЕКТИВ НА СЕКСУАЛНИ
РАБОТНИЦИ НА БАЛКАНОТ

Поддржано од:

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

Ставовите изнесени во S-Work не нужно ги изразуваат или се во согласност со ставовите на издавачот Здружение за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје или на Фондација Отворено општество - Македонија.